# ОД РАБОТАТА НА XIV-ТО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА СР МАКЕДОНИЈА

Четиринаесеттото годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ се одржа на 31. X, 1 и 2. XI 1980 година во Маврово. Во присуство на делегатите од друштвата на историчарите од Републиката и гостите, собранието го отвори претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, Наум Димовски. Потоа присутните делегати и гости со едноминутно молчење му оддадоа почит на другарот Тито.

По изборот на работните тела — работно претседателство во составот академикот Љубен Лапе, Грозда Чингова, д-р Глигор Тодоровски и Исмаили Шефкет; двајца записничари и двајца оверувачи на записникот, собранието почна со работа во 11 часот на 31. X 1980 година. Претседателот на Општинското собрание на Гостивар Џемаил Муареми, претседателот на Сојузот на историските друштва на Југославија академикот Али Хадри и делегатот на Републичката конференција на ССРНМ д-р Иван Катарџиев ги поздравија гостите и делегатите и му посакаа на собранието успешна работа.

Според предложениот дневен ред на првиот ден од работата на собранието беа поднесени три реферати: 1. Мавровско-гостиварскиот крај во НОБ 1941—1944, 2. Брсјачката буна од д-р Ристо Поплазаров и 3. Области и населби зафатени со исламизацијата и етничките карактеристики на исламизираните Македонци од д-р Нијази Лимановски. Во дискусијата по рефератите учествуваа: д-р Глигор Тодоровски, Муни Фида, Исак Тршани, Хусеин Самит, Стево Карески, Тодор Миланов, Васил Јотевски, д-р Иван Катарџиев, д-р Александар Матковски, Ангелко Лозановски, д-р Владо Картов, д-р Нијази Лимановски, д-р Ристо Поплазаров, акад. Љубен Лапе и акад. Александар Христов. Дискусијата се водеше по сите реферати. Сепак централно место имаше рефератот на д-р Нијази Лимановски. Тој побуди големо интересирање. Беа поместени повеќе прашања како што се: актуелноста на проблемот на исламизацијата во Македонија, времетраењето, интензитетот, средствата на истата, потребата од марксистичко-дијалектички приод во истражувањето и обработката на ова прашање, критички осврт на изворите и литературата, потребата од анализа и синтеза и сл. Повеќе од дискутантите сметаа дека треба да се организира посебен симпозиум за ова прашање.

Уште во почетокот на вториот ден од работата на собранието беа избрани следните комисии: Кандидациона комисија во состав: Тодор Трајановски, Цвета Здравева и Јосиф Милчески; Верификационата комисија во состав: Иван Маневски, Данчо Тошев и Муни Фида; Изборна комисија во состав: м-р Драган Велков, Вељо Деловски и Дукадин Камшиковски. Потоа беа поднесени извештаите за двегодишната работа на Претседателството и на целиот Сојуз, на самоуправната општествена контрола, на Судот на честа и на Редакцијата на сп. Историја. Во дискусијата по извештаите зе-

доа учество повеќе делегати и гости.

Проф. д-р Христо Андонов Полјански во својата дискусија подвлече дека Сојузот во изминатиот период бил активен, извештаите се многу добро подготвени. Тој даде предлог идното Претседателство на Сојузот да формира координационен одбор, кој ќе ја подготви прославата на јубилејот на Сојузот и ќе преземе мерки за одржување на конгрес на македонските историчари.

Во дискусијата по извештаите и за активноста на Сојузот во иднина учествуваа и Радослав Гиновски, м-р Никола Чинго, Живко Степановски, Киро Трпковски, Наум Димовски, Спаска Младеновиќ, Јован Кочанковски и д-р Петар Стојанов. Тие се задржаа и на едно од најактуелните прашања поврзано со наставата и наставниците по историја во училиштата за средно образование во Републиката, односно за можноста дел од веќе вработените наставници по историја да останат без работа поради намалување бројот на часовите по историја и поради оспорувањето на правото историчари да го предаваат предметот Марксизмот и самоуправувањето. Сите горенаведени дискутанти сметаа дека треба да се формира една делегација, која ќе ги земе во предвид овие дискусии и образложувања на годишното собрание и од името на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ ќе ги посети и ќе ги запознае со тој проблем Републичката заедница за насочено образование, Социјалистичкиот сојуз на ССРНМ и други фактори во Републиката. Беше усвоен предлогот оваа делегација да ја сочинуваат: акад. Михаило Апостолски, акад. Љубен Лапе, акад. Александар Христов, Наум Димовски, м-р Никола Чинго, д-р Глигор Тодоровски, д-р Бранко Панов и Живко Степановски.

Д-р Глигор Тодоровски предложи да се испита можноста за одликување на списанието Историја и Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ. Потребно е да се засили и соработката на нашиот Сојуз со другите сојузи во СФРЈ, како и со слични друштва во странство. Апелираше до историчарите во СРМ да се интересираат и повеќе да се претплатуваат на Гласникот на ИНИ. Потребно е членовите на Сојузот подетално да се информираат за учеството на нашите историчари на научните собири во земјата и во странство. Д-р Ристо Поплазаров исто така зборуваше за соработката на Сојузот со слични сојузи и друштва во странство.

Киро Трпковски зборуваше за потребата на Катедрата по историја на Филозофскиот факултет во Скопје повеќе да биде застапена најновата и современата историја.

Д-р Петар Стојанов апелираше Сојузот и друштвата во Републиката да се вклучат во прославата на 40-годишнината од почетокот на НОБ во Југославија.

М-р Димитар Мицевски го запозна собранието со издавачката дејност на „Просветно дело", во која е предвидено публикување на популарни историски публикации. Првото коло веќе излезе од печат.

Извештаите беа едногласно усвоени. Исто така беа усвоени и измените во Статутот на Сојузот

и во годишната програма за работата на Сојузот. На предлог од Претседателството на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, цената на списанието Историја да се покачи за 50%, собранието едногласно го прифати.

Потоа се премина на избор на нова управа на Сојузот и Редакција. За членови на Претседателството на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ беа предложени и едногласно избрани:

1. д-р Владо Ивановски, ИНИ, Скопје
2. д-р Димитар Димески, Филозофски факултет, Скопје
3. д-р Нијази Хаџи Хамза, Педагошка академија, Скопје
4. м-р Даринка Пачемска, Филозофски факултет, Скопје
5. Нуфре Јовановски, Гостивар
6. Фоте Мацев, Битола
7. Иван Маневски, Скопје
8. д-р Владо Картов, Правен факултет, Скопје
9. Надежда Цветковска, ИНИ, Скопје
10. Кирил Цацков, Штип
11. Соња Ветероска, Тетово
12. Стево Николов, Титов Велес
13. Милан Стојковски, Прилеп
14. Јакуп Мерсимовски, Струга
15. д-р Симо Младеновски, ИНИ, Скопје

Во Одборот за општествена контрола беа предложени и избрани:

1. проф. д-р Александар Апостолов, Филозофски факултет, Скопје
2. д-р Александар Матковски, ИНИ, Скопје
3. Блаже Настев, Кавадарци

Во Судот на честа:

1. д-р Орде Ивановски, ИНИ, Скопје
2. Славчо Младеновски, Берово
3. Никола Трпков, Радовиш

За членови на Редакцијата на сп. Историја беа предложени и избрани:

1. доц. д-р Христо Меловски, Филозофски факултет, Скопје
2. Наум Димовски, Скопје
3. д-р Растислав Терзиоски, ИНИ, Скопје
4. Али Вишко, Педагошка академија, Скопје
5. м-р Никола Чинго, Факултет за безбедност, Скопје.

За претседател на Претседателството на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ со едногодишен мандат беше предложен д-р Владо Ивановски, научен советник во ИНИ, Скопје, за главен и одговорен уредник на сп. Историја повторно д-р Христо Меловски, за секретар на Редакцијата повторно м-р Даринка Пачемска. Овие редлози беа едногласно прифатени.

На крајот акад. Љубен Лапе од името на сите делегати и гости им се заблагодари на домаќините, односно на членовите на Друштвото на историчарите во Гостивар, за одличната организација и топлиот прием.

Во текот на дводневниот престој во Маврово делегатите и гостите на собранието ги посетија и познатите бачила на Бистра, споменикот во село Трница и хидроцентралата Маврово.

Даринка ПАЧЕМСКА